Република Северна Македонија
**Општина Охрид**

ИП1 бр.36-843
Охрид, 19.09.2019год.
Дневник бр.26/19
Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Тел. (046) 262-492; 262-493
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 142 став 1 од Законот за градење (Сл весник на РМ бр 130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12; 144/11; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16 и 132/16), овластениот градежен инспектор при општинскиот инспекторат Општина Охрид донесе:

# ***З А К Л У Ч О К***
## **за дозвола за извршување**

**1. СЕ УТВРДУВА** дека Решението **Ип 1 бр 36-843 од 13.09.2019** година, донесено од страна на овластениот градежен инспектор при Општина Охрид е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување.
**2. СЕ НАЛАГА** на извршеникот **Абдула Фетије** со адреса на ул. **„Марко Несторoски** бр. **144** во **Охрид , ВО РОК ОД 1 ДЕНА** по приемот на овој Заклучок сам **ДА ЈА ОТСТРАНИ ГРАДБАТА: објект** која е изграден на КП 10426/1 КО Охрид 2, и е изградена без Одобрение за градење на ул. „Марко Несторoски бр. 144 во Охрид , и е градба од втора категорија .
3. Доколку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.
4. Жалбата против овој Заклучок не го одлага извршувањето на Решението.
5. Доколку извршеникот не постапи по овој Заклучок, , ќе се постапи по прекршочната одредба член 63 од Законот за инспекциски надзор (Сл весник на РМ бр. 50/10; 161/10 и 157/11).

### ***Образложение***

Овластениот градежен инспектор при Општина Охрид со Решение Ип 1 бр 36-843 од 13.09.2019 година му наложи на градителот **Абдула Фетије** да ја отстрани градбата објект : фаза карабина: прва плоча подкрената од терен 40 см , 12 армирано бетонски столбови (35см на 25см и висина од 275см) и ѕидарија со блок тула од четирите страни на објектот и централен ѕид кој го дели објектот на два дела до висина 275см. На надворешните ѕидови има отвори за прозори и врати .Припрема за изведување на втора плоча за Ниво 1. Пристапот до објектот се обавува од северната страна од улицата „Марко Несторoски„ димензиите во основа на објектот се 10,45 метри на 12.50 метри вкупно бруто површина од 130,6 м2. Предметниот објект се гради на КП 10426/1 КО Охрид 2 и се гради без Одобрение за градење , на ул. „Марко Несторoски” бр.144 во Охрид.

Жалбата против првостепеното Решение со кое се наредува отстранување на градбата што е изградена без Одобрение за градење а чие извршување се допушта со овој Заклучок согласно член 137 став 4 од Законот за градење (Сл весник на РМ бр 130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12; 144/11; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16 и 132/16), не го одлага извршувањето на Решението.
Поради тоа во оваа Управна работа, првостепеното Решение во смисла на одредбите на член 142 став 1 и член 143 став 1 од Законот за градење (Сл весник на РМ бр 130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12; 144/11; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16 и 132/16), станува извршно со донесување Заклучок на странката на која се однесува Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.
Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса и се поднесува во два примероци.
Решено во општински инспекторат-Општина Охрид под број Ип 1 бр 36-843 на ден 19.09.2019 година.

**МП**

Советник овластен градежен инспектор:
дипл.инж.арх. ПЕТАР ПАСКАЛИЕВ

Република Северна Македонија
Општинска администрација